Министерство за здравство

НОВ ТЕКСТ -2

# ПРЕДЛОГ- ЗАКОН ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ НА БРЕМЕНОСТА

Скопје, јануари 2019 година

ВОВЕД

I. ОЦЕНКА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Условите под кои може да се врши прекинување на бременоста, постапката за одобрување на прекинување на бременоста, условите што треба да ги исполнуваат здравствените установи за вршење на постапка за прекинување на бременоста и надзорот над условите и постапката за прекинување на бременоста се уредени со постојниот Закон за прекинување на бременоста („Службен весник на Република Македонија" бр. 87/2013, 164/2013, 144/2014 и 149/2015).

Согласно Законот, прекинувањето на бременоста може да се изврши до истекување на десет недели од денот на зачнувањето, со писмена согласност од бремената жена, а потоа лекарот ќе ја упати бремената жена на првостепена комисија за одобрување на прекинувањето на бременоста. Доколку жената не е задоволна од одлуката има право на приговор до второстепена комисија формирана од страна на министерот за здравство.

Прекинувањето на бременоста, согласно Законот може да се врши само во болничка здравствена установа која во својот состав има гинеколошко акушерско одделение кое ги исполнува условите по однос на просторот, опремата и кадарот уредени со прописите за здравствена заштита. Болничката здравствена заштита во акушерските одделенија ја спроведуваат вкупно 141 лекари, од кои 24 се вработени во приватните болници. Вкупно има 900 постели распоредени во мрежа на гинеколошко-акушерски болнички капацитети кои се во рамките на универзитетската клиника, клиничките и општите болници, 7 вонболнички стационари, како и во 3 приватни болници. Вкупниот постелен фонд само на акушерските одделенија изнесува 436 постели, од кои во Специјалната болница Чаир има 36 постели, 73 се во Клиниката за гинекологија и акушерство и 53 во приватните болници (податоци од ИЈЗ).

Според податоците добиени од Институтот за јавно здравје на Република Македонија во 2006 година биле регистрирани вкупно 6.164 абортуси, во 2009- 5601, во 2012 – 5387, 2015 – 4587 а во 2017 - 4236. Од вкупниот број на абортуси 4236 во 2017 година 142 се регистрирани абортуси на возраст под 20 години. Нецелосната евиденција за извршената работа се одразува на податокот за бројот на регистрирани абортуси.

Со постојниот закон е уредена постапката за одобрување и извршување на прекинување на бременоста која е поврзана со исполнување на повеќе услови, а кои можат да влијаат на остварување на правото на прекин на бременоста. Имено, во текот на примената на Законот е согледано дека одделни законски решенија го отежнуваат остварувањето на правото на жената слободно да одлучува за правото на на бреманоста, како што се условот од прекинувањето на предходната бременост да поминала една година, задолжителните три дена чекање до спроведување на постапката за прекинување на бременоста по спроведеното советување, во текот на информирањето пред донесување на одлуката за давање на согласност задолжителноста на ехосонографскиот преглед, кој согласно правилникот донесен врз основа на овој закон, треба да биде со покажување на динамична ултразвучна слика од плодот со негов опис и овозможување да се чуе срцебиењето на плодот и објаснувања за ефектите од интервенцијата на плодот. Освен тоа, во делот за прекршочни одредби утврдени се високи казни за здравствените установи, лекарите и членовите на комисиите за одобрување на прекин на бременоста во случај на постапување спротивно на законот.

Исто така и Комитетот за човекови права и Комитетот за економски, социјални и културни права во своите завршни согледувања за Република Македонија по повод извештате за спроведување на Меѓународниот пакт за граѓански и политички права односно

Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права во 2015 и 2016 година препорачуваат да се „ направи измени во Законот за прекин на бременоста за да ги елиминира сите процедурални пречки кои би ги принудиле жените да пристапат до незаконски абортус, со што нивното здравје и живот би биле ставени во опасност„ односно „препорачува државата да ги ревидира ограничувачките одредби од Законот за прекинување на бременоста„.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целта на Предлог Законот за прекинување на бременоста е:

- остварување на правото на жената на безбеден прекин на бременоста,
- укинување на постојните административни процедури/ бариери за спроведување на постапката за безбеден прекин на бременоста,
- давање комплетни, објективни и точни информации во врска со начинот на изведување на итнервенцијата, реално укажување на можните компликации при кои пациентката треба веднаш да се јави на лекар,
- одлуката за прекин на бременост да ја донесе пациентката свесно, без принуда од било кого врз основа на објективни информации поврзани со инервенцијата.

Законот за прекинување на бременоста се заснова на начелата на:

- слободно одлучување за раѓањето и бројот на децата,
- достапност до советување, информираност, приватност и доверливост,
- достапност на безбедна и квалитетна интервенција,
- примена на препорачаните методи на прекин на бременоста.

Во Законот се содржани следните основни решенија:

- се уредува постапката за одобрување на прекинување на бременоста без дополнителни административни процедури односно бариери за да не се ограничува пристапот до и спроведување на постапката за безбеден прекин на бременоста,
- пристап до информации согласно стручно упатсво за безбеден прекин на бременоста за да може жената да донесе одлука и да даде писмена согласнот за спроведување на инервенцијата,
- прекинување на бременоста, на барање и со дадена согласност по добиени информации и спроведено советување на бремената жена, до 12-та гестациска недела од страна на лекар специјалист по гинекологија и акушерство,
- утврдување на случаите кога може да се изврши прекинување на бременоста по истекот на дванаесеттата гестациска недела,
- прекинување на бременоста, на барање и со дадена согласност по добиени информации и спроведено советување на бремената жена, по 12-та до 22-та гестациска недела од страна на лекар специјалист по гинекологија и акушерство,со моѓност за барање на дополнително мислење од друг лекар специјалист по гинекологија и акушерство,
- прекинување на бременоста, на барање и со дадена согласност по добиени информации и спроведено советување на бремената жена, по 22-та гестациска недела во постапка пред првостепена комисија и право на приговор до второстепена комисија,

- се уредуваат условите што треба да ги исполнуваат здравствените установи за вршење на постапка за прекинување на бременоста за да прекинувањето на бременоста се спроведува согласно востановени медицински стандарди, упатства и протоколи заради минимизирање на опасностите по животот и здравјето на жената.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлог-законот не предизвикува дополнителни фискални импликации по Буџетот на Република Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Со спроведувањето на одредбите на Предлог-законот не е потребно дополнително обезбедување на финансиски средства, ниту има дополнителни материјални обврски за одделни субјекти.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ НА БРЕМЕНОСТА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредуваат условите под кои може да се врши прекинување на бременоста, постапката за одобрување и вршење на прекинување на бременоста, условите што треба да ги исполнуваат здравствените установи за вршење на постапка за прекинување на бременоста и надзорот над исполнетоста на условите и постапката за прекинување на бременоста.

Член 2

Прекинување на бременоста е посебна медицинска интервенција за која слободно одлучува бремената жена.

## II. УСЛОВИ ПОД КОИ МОЖЕ ДА СЕ ВРШИ ПРЕКИНУВАЊЕ НА БРЕМЕНОСТА

Член 3

(1) Прекинувањето на бременоста може да се изврши до истекување на дванаесетата гестациска недела, со писмена согласност од бремената жена.

(2) Ако бремената жена е малолетна или и е одземена деловната способност, прекинувањето на бременоста може да се изврши до истекување на дванаесеттата гестациска недела, со писмена согласност од родителот, односно старателот на бремената жена.

(3) Писмена согласност од ставовите (1) и (2) на овој член се изразува на начин и во форма согласно прописите за заштита на правата на пациентите.

Член 4

(1) По исклучок од член 3 ставовите (1) и (2) од овој закон, прекинувањето на бременоста може да се изврши, по барање и со писмена согласност од бремената жена, и по истекот на дванаесеттата гестациска недела во случаи кога:

- врз основа на медицински индикации ќе се утврди дека бременоста претставува опасност по животот или ќе доведе до тешко нарушување на здравјето на жената за време на бременоста, породувањето или по породувањето.
- врз основа на научни сознанија може да се очекува дека детето ќе се роди со тешки телесни или душевни недостатоци,
- до зачнувањето дошло во врска со извршување на кривично дело: силување, обљуба врз немоќно лице, полов напад врз дете, обљуба со злоупотреба на положбата или родоскврнавање и
- ќе се утврди дека во текот на бременоста или по породувањето би можела жената да дојде во , лични, семејни, материјални или други прилики што ќе имаат одраз врз нејзиното здравје.

(2) Како тешки, лични, семејни, материјални и други прилики од ставот (1) алинеја 4 на овој член се сметаат особено: потешко нарушените брачни и семејни односи, постоење на асоцијални појави во семејството, тешки станбени услови, материјална необезбеденост, нарушување на здравјето на членови на семејството и бројот на децата во семејството.

Член 5

Изразите употребени во овој закон, кои се родово определени, се користат неутрално и се однесуваат еднакво на лица од машки и женски пол.

## III. ПОСТАПКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ И ВРШЕЊЕ НА ПРЕКИНУВАЊЕ НА БРЕМЕНОСТА

Член 6

Во постапката за одобрување и вршење на прекинување на бременоста се обезбедува почитување на достоинството на бремената жена, на правата на приватност, информираност, прифаќање и одбивање на медицинска интервенција и информација, доверливост на личните и медицинските податоци согласно прописите од областа на заштитата на правата на пациентите и на здравствената заштита.

Член 7

(1) Пред прекинување на бременоста лекарот ја информира жената за постапката за прекинување на бременост, што може да очекува за време на прекинувањето на бременоста и по завршувањето на постапката, за методите за контрацепција пред и по спроведувањето на прекинувањето на бременоста на начин разбирлив за жената за да може да донесе одлука и да даде изјава за согласност.

(2) Информациите од ставот (1) на овој член треба да се непристрасни, објективни и медицински веродостојни.

Член 8

(1) Во случаите од член 4 од овој закон, прекинувањето на бременоста може да се изврши и по дванаесетата, до дваесет и втората гестациска недела од бременоста, по поднесено писмено барање од бремената жена односно од родителот, односно старателот ако бремената жена е малолетна или и е одземена деловната способност.

(2) Во случаите од член 4 став (1) алинеите 1, 2 и 3 од овој закон, пред прекинување на бременоста лекарот може да побара мислење од друг лекар специјалист од соодветна гранка на медицината.

(3) Лекарот ја информира бремената жена односно родителот, односно старателот и бремената жена ако бремената жена е малолетна или и е одземена деловната способност, за мислењето од ставот (2) на овој член.

(4) Бремената жена односно родителот, односно старателот ако бремената жена е малолетна или и е одземена деловна способност по добиените информации од член 7 став (1) од

овој закон, дава писмена согласност за прифаќање на спроведување на интервенцијата за прекинување на бременоста согласно член 3 ставот (3) од овој закон.

(5) Прекинувањето на бременоста, врз основа на барањето и изјавата за согласност од жената или од родителот, односно од старателот ако бремената жена е малолетна или и е одземена деловна способност и добиеното мислење од ставот (2) на овој член ако претходно е побарано, го врши лекарот во најкраток можен рок, но не подолг од три дена од денот на поднесувањето на барањето од бремената жена односно родителот, односно старателот .

(6) Здравствената установа во која е отпочната постапката за одобрување и извршување на прекинување на бременоста е должна да обезбеди услови за нејзино довршување.

Член 9

(1) За прекинување на бременоста по дваесет и втората гестациска недела одлучува првостепена комисија за одобрување на прекинување на бременоста (во натамошниот текст: првостепената комисија) во здравствена установа.

(2) Првостепената комисија ја формира директорот на здравствената установа во која се врши прекинување на бременоста.

(3) Првостепената комисија се формира за период од две години и се состои од двајца лекари специјалисти по гинекологија и акушерство и еден социјален работник. Претседателот е од редот на членовите на првостепената комисија. На членовите на првостепената комисија им се определуваат заменици.

(4) По потреба првостепената комисија може да прибави мислење и од други лекари специјалисти од соодветни гранки на медицината, зависно од причината за прекинување на бременоста.

(5) Трошоците за работата на првостепената комисија се на товар на здравствената установа.

(6) Висината на трошоците поврзани со административните, стручните и материјални трошоци за работа на првостепената комисија ги утврдува со одлука управниот одбор на здравствената установа.

Член 10

(1) Бремената жена поднесува барање за прекинување на бременоста писмено до првостепената комисија.

(2) Ако бремената жена е малолетна или и е одземената способност, барањето го поднесува родителот, односно старателот на бремената жена заедно со бремената жена.

(3) Кон барањето за прекинување на бременоста се приложува медицинска и друга документација, и тоа:

- извештај од лекар специјалист по гинекологија и акушерство дека жената е бремена и гестациската недела од бременоста,
- изјава од бремената жената односно од родителот, односно старателот на бремената жена дека е информирана согласно член 7 од овој закон,
- изјава за согласност дадена согласно прописите од обласа на заштитата на правата на пациентите и овој закон,
- наод и мислење од лекар специјалист од соодветна гранка на медицината во чија област спаѓа заболувањето на бремената жена, односно болеста на родителот во случаите од член 4 став (1) алинејата 2 од овој закон, и
- мислење од социјалниот работник во здравствената установа дека по земената социјална анамнеза постојат причините од членот 4 став 1 алинеја 4 од овој закон.

Член 11

(1) Претседателот на првостепената комисија ја известува бремената жена за времето и местото на одржувањето на седницата на која има право да присуства и да даде своја изјава за причините за прекинување на бременоста.

(2) Кога бремената жена е малолетна или и е одземена деловната способност на седницата присуствува и нејзиниот родител или старател.

(3) Првостепената комисија е должна да донесе писмена одлука со образложение во рок од три дена од денот на поднесување на барањето за прекинување на бременоста со поука за правото на приговор до второстепената комисија.

Член 12

Против одлуката на првостепената комисија, бремената жена односно родителот, односно старателот на бремената жена ако е малолетна или ако и е одземена деловна способност, може да поднесе приговор на записник веднаш пред првостепената комисија или писмено во рок од три дена од денот на приемот на одлуката до второстепената комисија за одобрување на прекинување на бременоста (во натамошниот текст: второстепената комисија).

Член 13

(1) Второстепената комисија ја формира министерот за здравство за период од две години и се состои од пет членови –двајца лекари специјалисти по гинекологија и акушерство, лекар специјалист по детска хирургија, психолог и еден член со најмалку пет години работно искуство во областа на родовата еднаквост. Претседателот е од редот на членовите на второстепената комисија. На членовите на комисиите им се определуваат заменици.

(2) Членовите на второстепената комисија не можат да бидат лица кои се членови на првостепена комисија за прекинување на бременоста.

(3) Второстепената комисија, ако е потребно, може да побара мислење и наоди и од други лекари специјалисти од соодветни гранки на медицината во зависност од причините за прекинување на бременоста.

(4) Трошоците за работата на второстепената комисија паѓаат на товар на Министерството за здравство.

(5) Висината на трошоците поврзани со административните, стручните и материјални трошоци за работа на второстепената комисија ги утврдува министерот за здравство.

Член 14

(1) Претседателот на второстепената комисија ја известува бремената жена за времето и местото на одржувањето на седницата на која жената има право да присуства и да даде своја изјава за причините за прекинување на бременоста.

(2) Кога бремената жена е малолетна или со одземена деловна способност на седницата присуствува и нејзиниот родител или старател.

(3) Второстепената комисија е должна да донесе писмена одлука со образложение во рок од три дена од денот на поднесувањето на приговорот.

(4) Одлуката на второстепената комисија е конечна.

Член 15

(1) Првостепените и второстепената комисија (во натамошниот текст: комисиите) работат на седници во полн состав и одлуките ги донесуваат со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на комисијата.

(2) Начинот на работата на првостепените и второстепената комисија го пропишува министерот за здравство.

Член 16

(1) Прекинувањето на бременоста се врши без одлука на комисиите, ако поради непосредна опасност по животот и здравјето на бремената жена не може да се чека одлука или ако е во прашање започнато прекинување на бременоста.

(2) Лекарот кој извршил или довршил прекинување на бременоста без одлука на првостепените и второстепената комисија е должен во рок од 24 часа за тоа да го извести директорот на здравствената установа, а директорот е должен во рок од три дена за случајот да ја извести првостепената комисија.

Член 17

(1) За интервенциите за прекинување на бременоста лекарот води евиденција во книга за евиденција, односно комисиите водат записници за одржаните седници и книга за евиденција.

(2) Здравствената установа е должна да ја чува документацијата во врска со интервенциите за прекинување на бременоста, односно на комисиите согласно прописите за евиденции во областа на здравството, во посебна архива на здравствената установа.

(3) Формата и содржината на записниците и на книгата за евиденција ги пропишува министерот за здравство.

Член 18

Здравствените установи во кои се формирани првостепени комисии и второстепената комисија, најдоцна до крајот на јануари во тековната година за претходната година, се должни да поднесат извештај за својата работа за претходната година до министерот за здравство.

## IV. УСЛОВИ ЗА ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСТАНОВИ КОИ ВРШАТ ПРЕКИНУВАЊЕ НА БРЕМЕНОСТА

Член 19

(1) Прекинување на бременоста може да се врши во болничка здравствена установа која во својот состав има гинеколошко акушерско одделение кое ги исполнува условите по однос на просторот, опремата и кадарот и има дозвола за работа согласно со прописите од областа на здравствената заштита.

(2) По исклучок од став (2) на овој член, прекинување на бременоста до деветтата гестациска недела со медикаментозен метод може да се врши и во здравствена установа од примарна здравствена заштита што ги исполнува условите по однос на просторот, опремата и кадарот за вршење на гинеколошко акушерска дејност согласно прописите од областа на здравствена заштита и која добила дозвола за работа за вршење на здравствената услуга согласно прописите од областа на здравствената заштита.

ДРУГИ ОДРЕДБИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ НА БРЕМЕНОСТА

Член 20

Ако при довршување на започнатото прекинување на бременоста лекарот основано се посомнева дека е во прашање кривично дело извршено со започнување на прекинување на бременоста кое се довршува во здравствена установа, директорот на здравствената установа во која е довршено започнатото прекинување на бременоста е должен за тоа веднаш, а најдоцна до 24 часа од довршувањето на постапката, да поднесе пријава до надлежното јавно обвинителство и известување до Министерството за здравство – Државен санитарен и здравствен инспекторат.

Член 21

Здравствената установа во која е извршено или во која е довршено веќе започнато прекинување на бременоста е должна за секој случај на смрт на бремена жена да го извести Министерството за здравство - Државен санитарен и здравствен инспекторат.

V. НАДЗОР

Член 22

(1) Инспекциски надзор над примената на овој закон врши Државниот санитарен и здравствен инспекторат (во натамошниот текст: Инспекторатот).

(2) Инспекторатот при вршење на инспекцискиот надзор е овластен да:

- забрани вршење на дејноста, како и да забрани употреба на објектот во кој се врши дејноста ако нема дозвола за работа, нема одобрение за вршење на прекин на бременоста односно недостасува некој од условите за вршење на дејноста,
- нареди воспоставување и водење на евиденциите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон,
- нареди отстранување на недостатоци, односно неправилности во согласност со законите и другите прописи со кои се уредува заштитата на здравјето на луѓето,
- нареди соодветно документирање и чување на податоците што се водат и да се обезбеди заштита на податоците од спроведените постапки и
- нареди на здравствената установа изготвување на извештаи кои е должна да ги поднесе до Министерството за здравство.

Член 23

(1) За извршениот инспекциски надзор, добиените податоци и констатираната фактичка состојба инспекторот е должен да состави записник.

(2) Доколку инспекторот утврди дека не се применувани законите, прописите и други општи акти, донесува решение со кое се наредува извршување на определени мерки од член 22 ставот (2) од овој закон во одреден рок кој го определува инспекторот.

(3) Инспекторот е должен да и достави примерок од записникот и решението на здравствената установа кај која е извршен инспекцискиот надзор.

Член 24

Во вршење на инспекцискиот надзор инспекторот постапува согласно прописите за општата управна постапка и инспекциски надзор, освен доколку поинаку не е определено со овој закон.

Член 25

(1) Во случаи кога ќе се утврди постоење на непосредна опасност по животот и здравјето на луѓето, инспекторот дава усна наредба за итно и неодложно отстранување на недостатоците, која се констатира со записник.

(2) Во случаите од ставот (1) на овој член инспекторот донесува решение во рок од 24 часа од издавање на усната наредба.

Член 26

(1) Здравствената установа е должна да ги изврши мерките содржани во решението на инспекторот.

(2) По жалбата против решението на инспекторот во втор степен решава Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(3) Жалбата по решението од ставот (1) на овој член не го одлага неговото извршување.

VI. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Член 27

Глоба во износ од 2000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице, ако:

1) изврши прекинување на бременост спротивно на членот 3 од овој закон;
2) не ги обезбеди правата на бремената жена од членовите 6, 7 и 8 од овој закон;
3) не постапи согласно член 8 ставот (6) од овој закон;
3) не формира првостепена комисија од член 9 став (2) од овој закон;
4) не води евиденција и не ја чува документацијата согласно со член 17 ставовите (1) и (2) од овој закон;
5) најдоцна до крајот на јануари во тековната година не поднесе извештај за работата за претходната година до министерот за здравство согласно со членот 18 од овој закон;
6) врши прекинување на бременоста без да ги исполнува условите од член 19 ставовите (1) и (2) од овој закон; и
7) постапи спротивно на членовите 20 и 21 од овој закон.

Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече за прекршоците од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице.

Глоба во износ од 300 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на лекарот кој го сторил прекршокот од став (1) точките 1), 2), 3), и 4) на овој член.

Член 28

Глоба во износ од 500 до 700 евра во денарска противвредност ќе им се изрече за прекршок на претседателот на првостепената и второстепената комисија ако не ја информира бремената жена за одржувањето на седницата согласно член 11 став (1) и член 14 став (1) од овој закон.

Глоба во износ од 300 до 600 евра во денарска противвредност ќе им се изрече за прекршок на членовите на комисиите ако не донесат одлука во рок од три дена од денот на поднесувањето на барањето за прекинување на бременоста, односно не донесат одлука во рок од три дена од денот на поднесување на приговор од бремената жена согласно со членот 11 став (3) и член 14 став (3) од овој закон.

Глоба во износ од 500 до 700 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на директорот на здравствената установа ако не ја извести првостепената комисија за довршено прекинување на бременоста без одлука на комисијата во рок од три дена за случајот согласно со членот 16 став (2) од овој закон.

Член 29

За прекршоците утврдени со овој закон, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.

Член 30

(1) За прекршоците утврдени во членовите 27 и 28 од овој закон, инспекторот е должен на сторителот на прекршокот да му издаде прекршочен платен налог, согласно Законот за прекршоците.

(2) Доколку сторителот го прими прекршочниот платен налог, истиот треба да го потпише. Примањето на прекршочниот платен налог од сторителот на прекршокот се забележува во записник.

(3) Во записникот од став (2) на овој член се утврдува начинот на кој ќе се отстранат штетните последици од прекршокот, како и начинот на надминување на последиците од сторениот прекршок.

(4) Кога како сторител на прекршок се јавува правно лице, записникот и прекршочниот платен налог ги потпишува одговорното лице во правното лице или од него овластено лице.

(5) Инспекторот е должен да води евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот од покренатите постапки.

(6) Во евиденцијата од ставот (5) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следните податоци: име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.

(7) Личните податоци од ставот (6) на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.

(8) Министерот за здравство ја пропишува формата и содржината на прекршочниот платен налог.

Член 31

Одмерувањето на висината на глобата за правните лица се врши согласно Законот за прекршоците.

## VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 32

Министерот за здравство во рок од триесет дена од денот на влегувањето во сила на овој закон ќе ги донесе прописите предвидени со овој закон.

До донесување на подзаконските акти од ставот 1 на овој член ќе се применуваат подзаконските акти донесени врз основа на Законот за прекинување на бременоста („Службен весник на Република Македонија" бр. 87/13, 164/13, 144/14 и 149/15).

Член 33

Здравствените установи од член 9 ставот (2) од овој закон ќе ја формираат првостепена комисија најдоцна еден месец од денот на влегување во сила на овој закон.

Министерството за здравство ќе ја формира второстепената комисија од член 13 ставот (1) од овој закон во рок од еден месец од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 34

Започнатите постапки по поднесени барања за прекин на бременоста до денот на влегување во сила на овој закон ќе завршат согласно одредбите од овој закон.

Член 35

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за прекинување на бременоста („Службен весник на Република Македонија" бр. 87/13, 164/13, 144/14 и 149/15).

Член 36

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Со првата глава Општи одредби ( членовите 1 и 2) се уредува содржината на Законот и правото на бремената жена слободно да одлучува за прекинувањето на бременоста..

Со втората глава се уредуваат условите под кои може да се врши прекинување на бременоста до истекување на дванаесетата гестациска недела и тоа со писмена согласност од бремената жена односно ако бремената жена е малолетна или е со одземена деловна способност, прекинувањето на бременоста може да се изврши со писмена согласност од родителот, односно старателот на бремената жена (член 3).

Со член 4 се уредуваат случаите во кои прекинувањето на бременоста може да се изврши и по истекот на дванаесеттата гестациска недела (ако врз основа на медицински индикации ќе се утврди дека бременоста претставува опасност по животот или ќе доведе до тешко нарушување на здравјето на жената за време на бременоста, породувањето или по породувањето, врз основа на научни сознанија може да се очекува дека детето ќе се роди со тешки телесни или душевни недостатоци, до зачнувањето дошло во врска со извршување на кривично дело: силување, обљуба врз немоќно лице, полов напад врз дете, обљуба со злоупотреба на положбата или родоскврнавање и ќе се утврди дека во текот на бременоста или по породувањето би можела жената да дојде во тешки, лични семејни, материјали или други прилики што ќе имаат одраз врз нејзиното здравје).

Со член 5 се уредува дека изразите употребени во законот, а кои се родово определени се користат неутрално и се однесуваат еднакво на лица од машки и женски пол.

Со третата глава се уредува постапка за одобрување и вршење на прекинување на бременоста при што со член 6 се уредува дека во постапката за прекинување на бременоста се обезбедува почитување на достоинството на бремената жена, на правата на приватност, информираност, прифаќање и одбивање на медицинска интервенција и информација, доверливост на личните и медицинските податоци согласно со прописите за заштита на правата на пациентите и за здравствената заштита.

Членот 7 го уредува правото на бремената жена да биде информирана односно обврската на лекарот пред прекинување на бременоста да ја информира жената за постапката за прекинување на бременост, што може да очекува за време на прекинувањето на бременоста и по завршувањето, за методите за контрацепција пред и по спроведувањето на прекинувањето на бременоста на начин разбирлив за жената за да може да донесе одлука и да даде согласност.

Со член 8 се уредува вршењето на прекинот на бременоста по дванаесетата до дваесет и втората гестациска недела од бременоста по барање од бремената жена во случаите утврдени со законот. Во оваа постапка лекарот може да побара мислење од друг лекар специјалист од соодветна гранка на медицината, при што жената односно родителот, односно старателот ако бремената жена е малолетна или е одземена деловна способност има право да биде информирана за мислењето од другиот лекар. Бремената жена која е малолетна или на која и е одземена деловната способност има право да ги добие истите информации. Рокот за прекинување на бременоста неможе да биде подолг од три дена од денот на поднесувањето на барањето од бремената жена. Зравствената установа во која е отпочната постапката за прекинување на бременоста има обврска да обезбеди услови за нејзино довршување.

Со членот 9 се уредува прекинувањето на бременоста по дваесет и втората гестациска недела за што одлучува првостепена комисија за одобрување на прекинување на бременоста , која се формира во здравствената установа во која се врши прекинување на бременоста и се уредува мандатот, составот на комисијата и трошоците на работа за првостепената комисија.

Со членовите 10 и 11 се уредува постапката за прекинување на бременоста пред првостепената комисија.

Со членовите 12, 13, 14 и 15 се уредува правото на приговор против одлуката на првостепената комисија до второстепена комисија за прекинување на бременоста и се уредува второстепената комисија, составот, начинот на работа и трошоците за работата.

Со член 16 се уредува прекинувањето на бременоста без одлука на комисиите во случаи на непосредна опасност по животот и здравјето на бремената жена не може да се чека одлука или ако е во прашање започнато прекинување на бременоста.

Со членовите 17 и 18 се уредува водењето на евиденциите, начинот на чување на документацијата и поднесувањето на извештаите за работата.

Со четвртата глава се уредуваат условите за здравствените установи кои вршат прекинување на бременоста и тоа за болничка здравствена установа која во својот состав има гинеколошко акушерско одделение кое ги исполнува условите по однос на простор, опрема и кадар согласно со прописите за здравствена заштита и која што добила дозвола за работа од Министерството за здравство, а исклучок е направен за прекинување на бременоста до деветтата гестациска недела со медикаментозен метод кога оваа интервенција може да се врши и во здравствена установа од примарна здравствена заштита што ги исполнува условите по однос на простор, опрема и кадар за вршење на гинеколошко акушерска дејност и која има дозвола за работа за вршење на здравствената услуга.

Со петата глава се уредува обврската на директорот на здравствената установа во која е довршено започнатото прекинување на бременоста, а основано се посомнева дека е во прашање кривично дело, веднаш, а најдоцна за 24 часа да поднесе пријава до надлежното јавно обвинителство и известување до Министерството за здравство – Државен санитарен и здравствен инспекторат, како и во случај на смрт на бремената жена да го информира Министерството за здравство– Државен санитарен и здравствен инспекторат.

Со шестата глава се уредува инспекцискиот надзор, овластувањата и постапувањето на инспекторот во вршењето на надзорот.

Со седмата глава се утврдуваат прекршоците, висината на глобите и постапката по утврдените прекршоци.

Со осмата глава се уредуваат роковите за донесување на подзаконските акти , за формирање на комисиите, довршување на започнатите постапки, престанокот на важење на претходниот закон и влегувањето во сила на овој закон.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените одредби се меѓусебно поврзани, прават правна целина и се применливи.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените решенија ќе се укинат постојните административни процедури/ бариери за спроведување на постапката за безбеден прекин на бременоста со што ќе се обезбеди остварување на правото на жената на безбедено прекинување на бременоста. Остварувањето на ова право ќе се заснова на комплетни, објективни и точни информации во врска со начинот на изведување на интервенцијата, реално укажување на можните компликации дадени од лекар специјалист по гинекологија и акушерство и одлука за прекин на бременост донесена од пациентката свесно , без принуда од било кого.